**План за спроведување**
**на проценка на влијанието на регулативата**

| | |
|---|---|
| **Наслов на предлог законот:** | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето |
| **Министерство:** | Министерство за внатрешни работи |
| **Лице за контакт/одговорно лице:** | Весна Доревска, помошник на министерот во Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси |
| **Очекуван датум за усвојување на предлог законот:** | |
| **Поврзаност со ЕУ директиви** | Не |

| |
|---|
| **Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**<br>**(Забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот елетронски регистар на прописи)** |

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

**1. Кои се главните проблеми?** Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето се врши усогласување на одредбите од Законот за оружјето со одредбите содржани во Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10 и 51/11) и Закон за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија" број 51/11), односно надлежната комисија на Владата на Република Македонија се заменува со Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Со членот 17 од предметниот закон предвидено е дека против решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрение за набавување на оружје, подносителот на барањето има право на жалба до

надлежната комисија на Владата на Република Македонија, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Наведената комисија постапува и по жалбите предвидени во овој закон во одредбите содржани во членовите 42, 43, 44 и 61.

Исто така, со предложените изменувања и дополнувања на предметниот закон се врши техничко-терминолошко усогласување на членот 66 од законот. Со овој член предвидено е дека припадниците на странски безбедносни органи го пренесуваат и носат огненото оружје во Република Македонија на начин предвиден со прописите за надзор над државната граница. Со влегувањето во сила на Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија“ број 171/10) престана да важи Законот за надзор над државната граница, на кој се упатуваше со наведениот член од материјалниот закон. Од наведените причини се пристапува кон изменувања на содржината на одредбата од наведениот член на законот.

Имајќи ги во предвид практичните проблеми со кои се соочува Министерството за внатрешни работи при примената на наведениот закон, особено при спроведувањето на прекршочните санкции, како и писмените укажувањата на Апалационита судови од Скопје, Гостивар, Штип и други судови, што се однесуваат на потребата во овој закон да се регулира постапката за порамнување пред поднесување на барање за прекршочна постапка се пристапува кон уредување на оваа проблематика. Со предложените изменувања и дополнувања детално се регулира постапката за порамнување.

**2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

Предлогот на закон за изменување на Законот за оружјето содржи решенија и содржинско допрецизирање на содржината на овој закон со Законот за Владата на Република Македонија и Закон за основање на

Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Исто така, заради соодветно пропишување на постапката за порамнување разгледани се решенијата содржани во Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" број 62/06 и 51/11) и Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортски натпревари („Службен весник на Република Македонија" број 89/04 и 142/08), како и последните предложени изменувања на последниот закон.

**3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

Министерство за внатрешни работи, Министерството за информатичко општество и администрација и други надлежни министерства и органи.

**Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата**

**1. Кои информации и податоци се веќе достапни?**

Достапни и анализирани се решенијата содржани во Законот за Владата на Република Македонија и Закон за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Разгледани се решенијата содржани во Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" број 62/06 и 51/11) и Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортски натпревари („Службен весник на Република Македонија" број 89/04 и 142/08), како и последните предложени изменувања на последниот закон.

**2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**

Во оваа фаза не се потребни дополнителни информации и податоци.

**3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата – принцип на пропорционална анализа)?**

Иницијална проценка на влијанието на регулативата

**4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**

Проценката на влијание на регулативата ќе биде извршена од страна Министерството за внатрешни работи и Министерството за информатичко општество и администрација.